РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1760/2
10-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на продолжението на 51-вата седница одржана на ден 01.09. 2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-1760/1 од 04.05.2021 година од страна на познат подносител- ------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи на надлежно постапување, во предметот со број 12-1760 од 2021 година оформен врз основа на пријавата - Претставка бр. 12- 1760/1 од 04.05.2021 година.

Предметот со број 12-1760 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-1760 од 2021 година е оформен врз основа на пријава - Претставка со бр. 12- 1760/1 од 04.05.2021 година, од познат подносител - -------------, а во име на група подносители: -------------------------------, сите во својство на мнозински сопственици на градежното земјиште на локалитетот ---------------.

Во пријавата – Претставка се наведени напомени, а во врска со конкурсната комисија за оценување на конкурсни решенија за изработка на Детален урбанистички план за локалитетот на ----------------------.

Во Претставката исто така се наведени и причини во врска со веќе испратеното укажување со бр. 09-26 од 15.01.2021 година од страна на ДКСК до Општина Центар, за кои како што се укажува во претставката ,,одредбите на кои што се повикувате од Законот за јавни набавки и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретниот случај неможе да се применат", со барање да биде повлечено споменатото укажување кое е доставено до Општина Центар.

Во прилог на пријавата- Претставка има приложено и копија од Известување кое подносителот го доставил до Општина Центар на ден 20.01.2021 година со кое сосвениците бараат да биде донесен Заклучок за престанок на работата на Конкурсната комисија за предметниот локалитет.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметната пријава утврди дека нема елементи на надлежно постапување, а пријавителот своите забелешки веќе ги доставил на надлежност до Општина Центар.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: К.З., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК